Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на гранки од дрва околу електричните столбови каде има држачи за знамиња, **на Бул. Партизански Одреди- десна страна пред седиштето на Лук оил, на Бул. Партизански Одреди – лева страна кај паркот во Влае спроти бензиска пумпа Макпетрол и на Бул. 8-ми Септември кај хотел Александар Палас, – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, извршија непосреден увид на посочената локација на ден **28.03.2022** година. При тоа е утврдено дека дрвјата имаат гранки околу столбовите на електричните канделабри каде се наоѓаат држачите за знамиња и истите пречат на поставување на знамињата.

Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.

Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата имаат гранки околу столбовите на електричните канделабри каде се наоѓаат држачите за знамиња и и стите пречат за поставување на знамињата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**28.03.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП “Паркови и зеленило” - Скопје, Архива

изготвил:
____________________
**Марија Стојановска**

контролирал:
____________________
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-Сл**/2. од 28.03.2023 донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
**2**. Решението бр. **14-Сл**/2 од 28.03.2023 година донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност овој орган, има направено увид на ден **28.03.2023** година. При увидот е утврдено дека дрвата, определени во решението за кастрење пречат на поставување на држачите , за поставување на знамиња, кои се поставуваат по повод на државни празници и други прилики.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од поставување на држачите за знамиња , од причина што се наближуваат празниците , кога е потребно да се кити градот со знамиња ,за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .
Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр.** 14-Сл/**3**
**28.03.2023** година
Скопје
**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

изготвил:
______________
**Марија Стојановска**

контролирал:
______________
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP